Бр. 12-2746/5
21-06-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 18-та седница одржана на ден 03.06. 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси постапувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 12- 2746/1 од 17.05.2019 година, е беспредметно, подносителот ја повлекол поднесената пријава.

Предметот со број 12- 2746/1 од 17.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12- 2746/1 од 17.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – физичко лице.

Добиената пријава содржи наводи за против законско поништување – неупишување односно непревземање на 614 акции на име на подносителот на пријавата запишани во акционерска книга, во нова евиденција на акциите од 1995 година која се водела во Македонија турист АД Скопје.

На седницата, по разгледување на сите наводи на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во предметниот случај подносителот на пријавата ја повлекол пријавата поднесена до Државната комисија на ден 28.05.2019 година, по што оцени дека постапувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 12- 2746/1 од 17.05.2019 година, е беспредметно.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk